# РЕГИОНАЛНИОТ ПРИСТАП И ПРИБЛИЖУВАЊЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОН ЕВРОАТЛАНТСКИТЕ СТРУКТУРИ

*Стево*
**ПЕНДАРОВСКИ,**

советник за национална безбедност на претседателот на Република Македонија

# Регионалниот пристап и приближувањето на РМ кон евроатланските институции

На самиот почеток ќе се задржам на, според мене, клучното прашање што се однесува на основната тема на Форумот околу натамошното експанзија на НАТО и нашето место во тој процес со неспорно историски референци. Иако на прв поглед, тоа нема директна релација со темата за која денеска сум поканет да зборувам мислам дека од нашите конкретни очекувања во однос на датумот за членство, во значајна мерка ќе зависи и интензитот и обемот на регионалната соработка. Имено, во некои кругови, не само кај нас, туку и во регионот се смета дека проширувањето на Алијансата е однапред даден аксиом од кој нема отстапувања и дека следните кругови на интегрирање на нови членки мораат закономерно да се случуваат во циклуси од 3- 4 години.

Во овој контекст ќе ни помогне потсетувањето на досегашните проширувања и констатацијата дека  такви, временски однапред зададени циклуси никогаш не постоеле. Поедноставено кажано, политичките и стратешките консидерации на клучните земји во НАТО за нивните надворешно- политички приоритети и геостратешки позиционирања биле пресудни за приемот на новите членки и во тие рамки, критериумите за влез биле важниот, но, сепак, не и доминантниот или решавачкиот дел од целокупната аргументација, во која, политичките причини секогаш имале  поголема  специфична тежина од имлементацијата на формално- техничките стандарди .

На луѓето треба да им се објасни дека е можно, Република Македонија да ја исполни во целост својата "домашна задача", но, повторно да не биде поканета, затоа што динамиката на проширувањето на НАТО има своја внатрешна логика која што понекогаш, нема директна корелација со индивидуалните достигнувања на државите - аспиранти и нивните интерни предвидувања.

Регионалниот пристап е една од темелните категории во доктрината на НАТО и во суштина претставува една од клучните политички и безбедносни "филозофии"

на Северно атланската алијанса, аплицирана на микро ниво. Поедноставено кажано: квалитетната регионална соработка е, всушност, практицирање на интер операбилноста на земјите-аспиранти на пониско оперативно и тактичко ниво и "де факто" пред тест за вклучување во т.н. големи и широки операции на НАТО во, но, и надвор од неговата традиционална зона на дејствување.

Но, таа не е само тоа. Регионалната соработка, во која можат да партиципираат постојаните земји- членки со земјите кандидати, но, и аспирантите, меѓу себе, значи и постоење на поширок консензус околу политичките цели на таквата соработка, што значи прифаќање на визијата за заедничките вредности на Алијансата, чиишто политички, па дури и културолошки димензии или основи на постоењето , барем во јавноста, никогаш не биле толку експонирани, како воените, иако биле не помалку важни. Иако, идентичен услов ни се поставува и во процесот на приближување кон Европската унија, што само, укажува на висок степен на комплементарност во предвидените критериуми за интегрирање во двата ентитета, не сум сигурен дека во изминативе години, суштината на регионалниот пристап и соработка беше целосно внесена во доминантните домашни политички матрици на размислување. Мој впечаток е дека во изминатите десет години регионалниот пристап на Балканот, а, во тие рамки и кај нас, беше прифаќан со сериозни резерви и само формално подржуван од политичките авторитети, кои не ја разбраа до крај содржината на пораката што им беше испраќана од Брисел, за важната регионална димензија на интеграциите. Само за илустрација: во некои други региони на Европа сигурно ќе беше необично, директни соседи да имаат, за прв пат, билатерална воена вежба дури во 2003-та година, а цела деценија station наназад формално да декларираат иста стратешка цел- влез во НАТО, но на Балканот и тоа се случува.

Делумно оправдување може да биде, од една страна, фактот дека Балканот навистина беше оптоварен со мачна и долга серија од меѓуетнички конфликти и вооружени насилства а, од друга, свое делумно влијание имаше и идеолошката инерција од комунизмот кога благонаклонето се гледаше само на соработката помеѓу социјалистичките држави. Сепак, останува впечатокот дека предолго се чекаше на започнување на квалитативно нова етапа во регионалната соработка на државите на Балканот.

Во понатамошниот дел од излагањето сакам да се задржам на прашањето зошто, токму во последниов период се случуваат одредени позитивни придвижувања во доменот на регионалната соработка во нашиот регион и дали се работи за моментна инспирација на државните раководства и следење на актуелните политичките трендови или пак, станува збор за суштинска промена во политичкото резонирање.

Според мене, постојат неколку фактори што извршија влијание во насока на интензивирање и продлабочување, но пред сè, во разбирањето на самата идеја на регионалната соработка. Тука, несомнено, свое значење имаат упатените покани за членство во НАТО и извесноста за влез во ЕУ на првите земји од Балканот што претставуваше дополнителна инспирација и појасно им го покажа вистинскиот пат и на преостанатите држави. За првпат од формирањето на НАТО, три поранешни

комунистички држави од Балканот - Словенија, Бугарија и Романија добија покани за членство, со што, „де факто", им беше потврдено дека ги поминале најтешките фази од транзицијата и беше декларирана успешноста на процесот на трансформирање на нивниот безбедносно- одбранбен комплекс, во идеолошка смисла.

Понатаму, засилената регионална соработка се должи и на фактот дека во нашиот регион, вкупниот безбедносен амбиент доживеа суштинска трансформација со завршување на серијата внатрешни конфликти и војни меѓу државите. Иако, стабилноста на Регионот, во еден свој дел, се уште се потпира на неколку мировни договори , како и на присуството на меѓународната заедница, сепак, сите влади во регионот се легитимно избрани и имаат реформски и прозападни агенди.

Некои проценки укажуваат дека од крајот на минатата година започнува нова фаза на регионалната соработка, во областа на одбраната и безбедноста, во која државите во регионот конечно почнаа самите да продуцираат иницијативи и активности.

Во ноември минатата година, непосредно пред Прага, иницира вме трилатерална соработка со Албанија и Хрватска, во НАТО контекст, која и формално беше подржана на маргините на вториот ден од самитот. Со документот се предвидуваше засилување на соработката, во постпрашкиот период меѓу преостанатите три држави од Вилнус - групата, оние кои не добија покана за членство. Се разбира, тоа беше направено најмалку со намера да бидат супституирани останатите форми на меѓусебна соработка, постојни или планирани, вклучувајќи ја и иницијативата од Рига, на полскиот претседател Квашњевски за „де факто" спојување на активностите на групите Вилнус и Вишеград. Иако постои извесна скептичност во некои аналитички кругови дека овие групи чии членки имаат различен статус и приоритети во однос на НАТО ( некои се членки, а некои кандидати) можат да придонесат за кохерентен настап на групата, сепак, превладува мислењето деке врз принципите на солидарност и кооперативност тие треба да продолжат со своите активности сѐ додека и преостанатите држави не влезат во НАТО. Во тој контектст, како корисна може да се набљудува и нашата иницијатива, следната година во Република Македонија да бидеме домаќини на шефовите на држави на сите земји, од двете групи.

На 2 мај , оваа година, во Тирана, фактички врз основите на идејата за трилатералната соработка од Прага, беше потпишана Повелбата за Партнерство меѓу САД од една и Албанија, Хрватска и Македонија од друга страна, која има исклучителна политичка тежина што ја поседуваат само документите со стратешко значење и влијание подолго од времетраењето на церемонијата на која формално се потпишани и промовирани. Суштинските одредби во овој текст, според мене, се точките 10, 16 и 30 каде што САД децидно изјавуваат дека имаат траен интерес за независноста, интегритетот и безбедноста на Албанија, Хрватска и Македонија и декларираат дека нивна заедничка цел е целосната интеграција на трите држави во европските и транс-атлантските политички, економски, безбедносни и одбранбени институции и дури изразуваат подготвеност за заеднички консултации во случај кога интегритетот на некоја од земјите ќе биде доведена во опасност.

На политичките аналитичари кои подолго паметат, им е многу добро познато дека САД често не користат ваква реторика и без подлабоки причини не практикуваат давање заложби без покритие. Повелбата за партнерство значи, до сега, најголем, конретен чин на политичка поддршка, за Република Македонија на патот кон НАТО и тоа добиена од т.н. pivotal state на Алијансата. Според сите проценки, овој триаголник во Регионот, само би добил во своето значење ако со додавањето на Србија и Црна Гора се трансформира во четириаголник, се разбира со претходно исполнување на сите услови што пред нив ги поставува Алијансата, но, и пошироката меѓународна заедница.

На крајот, иако според своето значење најмалку го заслужува таквиот редослед ,би споменал уште едно прашање. Геостратешките позиционирања на Балканот не можат да биде заокружени без да се знае идниот статус на Косово. Поинаку кажано, и покрај тезите на одредени политички и експертски кругови кај нас и во странство кои го сугерираат спротивното, финалниот статус на Косово, неспорно, ќе има свое влијание врз финалната слика на Балканот.

Во ваквиот, според мое мислење, сепак, релативно поволно поставен политички и стратешки амбиент, во моментов, може да не се стигне до проектираната цел, само ако се случат нови конфликти од поголеми размери, кај нас или во Регионот или ако радикално се намали ентузијазмот на политичката елита за спроведување на реформите. Не навлегувајќи во проценките за веројатноста на која било од споменатите опции, во двата случаи државата би била означена како недемократска или дури како фаилед стате, а тоа значи сосема поинаков третман од страна на целокупната меѓународна заедница, вклучувајќи го тука и НАТО и наше многу пониско позиционирање на табелата на кандидадите или дури преместување од повисока во пониска статусна категорија.

Моја проценка е дека од нас самите, во најголемиот дел ќе зависи дали ќе дозволиме таква разврска.

м-р Оливер
**БАКРЕСКИ,**

Филозофски факултет
Институт за одбранбени
и мировни студии

# Регионалната соработка и координацијата како предуслов за побрзо членство во НАТО

Зачленувањето во НАТО е предизвик за многу држави во светот и во врска со тоа се поставуваат неколку клучни прашања: како да се операционализира тоа членство и кој е патот до него; како визијата да се претвори во стварност, во практика? Во одговорите на овие прашања мора да се тргне од природата и од размерите на промените што се насираат на хоризонтот, како и од можноста дали државите можат да се подготват да одговорат на новите предизвици, кои ги бара евентуалното членство во НАТО.

Пристапот во евроатлантските институции и организации, главно преку стапување во Европската унија и НАТО, мора да остане главна цел на државите од регионот која ќе биде реализирана преку постепен и континуиран процес. Ова секако дека бара постојано и континуирано внимание како и напор за да се отстранат сите препреки на овој пат. За народите од овој регион европската и трансатлантската перспектива останува една од најважните гаранции за базбедноста.

Тесното поврзување и соработката меѓу државите е историски нужна и законита појава. Светот неизбежно се повеќе се развива без оглед на општествените облици во кои се одвива економскиот развој на одделни земји. Овој факт, од своја страна неминовно го поставува во прв план и обликот на политичка соработка меѓу државите и нивното поврзување во решавањето на проблемите што се од заеднички карактер.

Во настојувањето да се развие концептот на зависност како асиметрична меѓузависност меѓу државите се доаѓа до т.н чувствителна меѓузависност и ранлива меѓузависност. Првата е синоним за односите засновани врз меѓусебна условеност на партнерите, а втората за односите кои се поставени врз подреденост и во себе содржат нешто повеќе од меѓусебна условеност на партнерите.

Интересите на Република Македонија се постојано врзани за постигнување на целосна стабилност, безбедност и развиеност на Југоисточна Европа. Република Македонија постојано се залага за регионален пристап кон демократијата, контролирање на изворите кои предизвикуваат конфликт и постојано јакнење на реформите кои се во насока на постигнување на крајната цел, а тоа е интеграција во ЕУ и НАТО.

Регионалната соработка во никој случај не треба да биде промовирана како замена за европската соработка и интеграција, ниту треба така да изгледа. Напротив, таа мора да биде организирана во облик на близок контакт со европските и трансатлантските организации и институции, како незаменлив дел на процесот на евроатлантска интеграција.

Регионалната соработка треба да создаде услови под кои прашањето за територијалниот интегритет во рамките на безбедните граници ќе го изгуби своето суштинско безбедносно значење.

Владите од регионот треба да соработуваат и да создадат способности за паралелна анализа и споредување на различните прашања кои се релевантни за проблемите кои се поврзани со безбедноста. Мора да се создадат посебни структури кои ќе се координираат со цел размена на информации и дијалог на највисоко државно ниво. Истовремено со ангажирање на политичките сили, експертите, медиумите треба да се подигне свеста, со цел правовремено предупредување и давање на заедничка оценка по безбедноста без разлика од каде потекнуваат заканите и против која држава се насочени.

Оттука, треба да се има предвид фактот дека листата на приоритети и потезите кои треба да ги повлечат владите не можат да бидат пренагласени и да се базираат на нешто што е нереално, туку напротив тие треба да се потпираат на реална основа.

Развојот на регионалната соработка (политичка, економска и друга) е, исто така, начин на кој може да се постигне интеграција во повеќе организации. Регионалната соработка дозволува и стандардизација на правилата и параксата и ја зголемува оперативноста и организационата способност и капацитетите. Историјата досега покажала дека регионалната соработка во голема мерка го смалува ризикот од меѓународен судир или ривалството помеѓу пријателските држави.

Ефикасното организирање на регионалната соработка е незаменливо средство за јакнење на безбедноста и за промовирање на евроатлантската перспектива. Оваа соработка треба да биде политичка, а во исто време треба да биде насочена кон една цел. Во тие рамки соработката треба да го гарантира територијалниот поредок и територијалниот интегритет на секоја држава поодделно во регионот, создавајќи истовремено механизми за заштита на малцинствата, како и јакнење на меѓународната соработка. Помеѓу посебните цели, соработката на полето на безбедноста на сите нивоа ќе игра централна улога, вклучувајќи ја и соработката за спречување на

криминалот, а посебно истакнувајќи ја борбата против меѓународниот криминал и тероризмот.

Во основа, како што потенциравме, соработката може да се одвива и на полето на организираниот криминал. Борбата против организираниот криминал е проблем кој државите не можат сами да го решат. Овој проблем зема меѓународни димензии. Неговото решавање бара не само регионална соработка, туку и нов начин на размислување на политичките елити. За да биде успешна борбата против организираниот криминал потребна е регионална соработка и координација на заедничките активности во борбата против ова зло.

Друг вид соработка помеѓу државите може да биде организирање на заеднички вежби и операции на пограничните единици по должината на границата со цел да се синхронизираат активностите за поуспешно спротиставување на новите закани какви што се организирниот криминал и тероризмот. Ваков вид соработка секако дека ќе биде невозможен ако има недостатокот на политичка волја за тоа.

Во насока на јакнење на соработката на државите од регионот како услов за побрза интеграција во меѓународните организации, државите од регионот треба да преземат повеќе мерки и активности за подобрување на регионалната, а посебно билатералната соработка и тоа:

а) мерки за зголемување на меѓусебната доверба и соработка:

- меѓугранична соработка и средби;

- формирање на мешовити тимови од областа на безбедноста и одбраната;

- изготвување на заедничка стратегија за настап на регионот кон НАТО, и формирање на заедничко тело преку кое ќе се остварува координација на активностите за борба против тероризмот и организираниот криминал;

б) економски мерки:

- проекти и нивно финансирање за инфраструктурно поврзување на регионот;

- унифицирање на царинските формалности заради побрз и поедноставен проток на стока и капитал;

- воспоставување добри надворешни трговски односи со што полесно би се реализирала надворешно-трговската размена помеѓу државите во регионот.

в) политички мерки:

- оспособување на кадри кои ќе работат на интегрирање на регионот;

- „ad hok“ групи, конференции, билатерални и мултилатерални средби на највисоко работно ниво за разрашување на политички прашања значајни за регионот итн.

Република Македонија е заинтересирана за остварување на целосна соработка со државите од регионот, во правец на натамошно приближување и создавање услови за заеднички настап кој треба да го скрати патот за членство во НАТО.

Во таа насока Република Македонија презема голем број активности за подобрување на состојбата во регионот.

Како резултат на нашите напори, во Прага добивме поддршка од Албанија и од Хрватска за нашата иницијатива за поинтензивна регионална соработка во одбраната и безбедноста. Во изминатиот период сведоци сме на континуирани активности кои се во насока на остварување на стратегиската цел на трите држави, а тоа е зачленување во НАТО.

Сепак постои мислење дека во догледно време владите од регионот единствено со решавање на внатрешните проблеми во самите држави можат да ја јакнат безбедноста во сопствените држави и регионот во целина. Може да се каже дека јакнењето на безбедноста на регионот зависи од тоа колку ќе јакне безбедноста во самите држави.

Безбедноста и стабилноста на државите од регионот зависи од два принципа: непроменливост на границите и почитување на државниот идентитет на државите, од една страна и од потполната заштита и интеграцијата на малцинствата и националните или етничките заедници во рамките на институциите на државата, од друга страна.

ЕУ и НАТО имаат централна безбедносна моќ во регионот, па регионот, поточно неговата стабилност е директно зависна од ЕУ и НАТО. Тоа е резултат на тоа што државите од регионот и понатаму ќе бидат економски, политички и воено зависни од овие институции. Ако се анализира сегашната состојба на овие држави со сигурност може да се каже дека нивниот опстанок на подолг рок е детерминиран од економската и финансиската помош од евроатлантската заедница.

Треба да се очекува дека меѓународната заедница полека ќе се повлекува од регионот и луѓето треба да направат повеќе за себе. Ако државите од регионот не се отворат и не почнат поинтензивно да соработуваат, меѓународната заедница ќе биде немоќна да нуди решенија. Луѓето како да се навикнати дека и во такви околности кога државите не соработуваат, меѓународната заедница ќе го направи потребниот минимум и за евентуалните пропусти ќе има виновник кој секогаш ќе биде посочуван. Лидерите од државите во регионот конечно треба да го превземат ризикот и треба да бидат подготвени да носат големи одлуки но и да се спротистават на јавното мислење кое секогаш ќе гледа со резерва на преземените чекори. Со други зборови, потребни се лидери кои ќе им понудат издржани решенија на сопствените граѓани и држави. Од друга страна обврската на меѓународната заедница и понатаму ќе биде континуирана и ќе се однесува на охрабрување на ваквите лидери во нивните активности. Поддршката треба да биде секојдневна, но решението треба да биде иницирано и треба да потекне од регионот. Ако решенијата не потекнуваат од тука тогаш секое решение ќе биде протолкувано како наметнато и луѓето нема да го прифатат тоа.

Во услови кога состојбите во светот се максимално оптоварени со големи предизвици по мирот и стабилноста на државите, а кризите и конфликтите се присутни во многу делови на земјината топка, координирањето во одбраната на секоја земја претставува мошне важна задача за државното раководство. Координирањето на одбраната овозможува создавање услови за организирано дејствување во случај на појавување на некоја закана по државата.

Во услови на поголемо нарушување на мирот и безбедноста особено е значајна остварената соработка и начинот како се остварува потребната координација со меѓународните институции, особено со ООН, Советот за безбедност, ОБСЕ, Советот на Европа, ЕУ, НАТО и секако координација меѓу државите од регионот.

За државите од регионот во кој егзистира и Република Македонија, јакнењето на функционалната соработка изразена во повеќе подрачја претставува алтернатива и можност за нивно зближување. Но сепак, без завршување на процесот на зоната на проширување на ЕУ и НАТО, безбедносната зона во регионот и понатаму ќе биде чувствителна.